**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Бр.08-4358/31**
**21.08.2020 година**
**К а в а д а р ц и**

# З А П И С Н И К

Почитувани советници ја отварам 45-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.На седницата присуствуваат 19, отсутни нема.Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 44-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 11.08.2020 година.

Дали има забелешки по Записникот од 44-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци, Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 44-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.Констатирам дека е усвоен Записникот од 44-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 13-тата Вонредна седница Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 14.08.2020 година.Дали има забелешки по Записникот од 13-тата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 13-тата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.Едногласно благодарам.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 13-тата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Предлог - Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2020/2021;
2. Предлог - Годишна Програма за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2020/2021;
3. Предлог - Годишна Програма за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2020/2021;
4. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2020/2021;
5. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2020/2021;
6. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Гоце Делчев" Кавадарци за учебната 2020/2021;
7. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2020/2021;
8. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2020/2021;
9. Предлог- Годишната Програма за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2020/2021;

10.Предлог-Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци;

11.Предлог-Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ„Киро Спанџов –Брко„ Кавадарци;

12. Предлог-Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

13. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

14. Правилник со арх.бр.02-965/3 од 07.08.2020 година за изменување и дополнување на Правилникот за плати и други надоместоци на плата на

вработените во ЈП,, Комуналец,, Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

15. Одлука со арх.бр.02-965/5 од 07.08.2020 година за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

16.Одлука со арх.бр.02-965/6 од 07.08.2020 година за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

17. Извештај со арх.бр.02-1037/6 за работењето на ЈП Комуналец Кавадарци за период 01-01-30.06.2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
18. Извештај со арх.бр.02-1037/5 за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, за период 01.01-30.06.2020 година донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
19. Одлука за продажба на расходовани основни средства од спроведениот попис за 2019 година на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Поради поврзаност со претходните точки предлагам измена на Дневниот ред, а Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Годишен План за вработување за 2021 година со арх.бр.0102-1409/1 од 17.08.2020 година, донесен од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци

Согласно деловникот молам за произнесување по предложената точка од дневен ред.Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 20

20. Годишен План за вработување за 2021 година со арх.бр.0102-1409/1 од 17.08.2020 година, донесен од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци

Понатаму редоследно се менува бројот на предложените точки од дневниот ред,

21. Одлука за изменување и дополнување со арх. бр.03-1602/3 од 17.08.2020 година на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

22. Правилник за изменување и дополнување со арх. бр.03-1602/4 од 17.08.2020 година на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци", донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

23.Правилник за изменување и дополнување со арх. бр.03-1602/5 од 17.08.2020 годинана Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена Паркин гкарта за јавни паркиралишта со наплата донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Поради поврзаност со претходните точки предлагам измена на Дневниот ред, а Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка. Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 24

24. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

Понатаму редоследно се менува бројот на предложените точки од дневниот ред ,

25. Заклучоци во врска со откупот на грозје за реколтата 2020 година ;
26. Предлог- Одлука за доделување на Награда “7ми Септември;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
Предлог-Одлука за примање донација – Паметни соларни клупи
од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка. Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 27

27. Предлог-Одлука за примање донација – Паметни соларни клупи од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за примопредавање на бехатон коцки;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка. Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 28.

28Предлог-Одлука за примопредавање на бехатон коцки;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
-Годишен План за вработување за 2021 година со арх.бр.01-120/1од 14.08.2-2020 година, на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци.

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка. Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 29.

29.Годишен План за вработување за 2021 година со арх.бр.01-120/1од 14.08.2-2020 година, на ЈОУ Библиотека „Феткин„ Кавадарци

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Годишен План со арх.бр.01-276/1 од 19.08.2020 година за вработување на СОУ Гимназија Добри Даскалов,, Кавадарци за 2021 година;

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка. Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 30

30.Годишен План со арх.бр.01-276/1 од 19.08.2020 годиназа вработување на СОУ Гимназија Добри Даскалов,, Кавадарци за 2021 година;

Дали има други предлози за изменување и дополнување на денешниот дневен ред.Доколку нема целиот дневен ред го ставам на гласање.Дали има против и воздржани . Доколку нема констатирам дека е усвоен дневниот ред. Преминуваме кон разгледување на дневниот ред.

Одиме редоследно со точките од дневен ред.
Колеги точките од еден до девет ке одиме со заедничка расправа а поединечно гласање. Отварам расправа кој бара збор за точките од 1 до 9 а тоа се годишните програми на училиштата.

**ТАШО РАДЊАНСКИ :** Претседател на комисија за образование, Почитуван градоначалник , советници , служби и медиуми. Добро беше да беаа присутни и директорите на училиштата но заради протоколите не се.Своите забелешки ги предочија на Комисија за образование.Овие годишни програми се правени по терк а не кој како сака и мора да забележиме дека тие не соодвејствуваат на времето во кое што сме сега.Нема шански да се планира што ке се работе и да има настава по физичко образование ако нема физичко присуство.Имено без исклучок 99% од просветните работници се за настава во која што ке има физичко присуство.Тоа не зависи ниту од нив ниту од Градоначалникот, ниту од нас советниците, туку од Комисијата за заразни болести. Замислете 400 ученици ако се заразат јас не верувам дека и болниците ке имаа место. Дали наставата ке биде комбинирана значи со физично присуство и конференциски тоа ке треба дополнително да се одлучи,Времето е многу кратко за 10тина дена почнува школската година и секое училиште си има свои специфичности. Ако биде комбинирана настава со физично присуство и конференциска можеби ке мора да се оди во две смени. Ако биде само конференциска за еден месец ипол почнува грејна сезона. Тие 40 наставници кои што ке држат настава секои во својот кабинет ке мора да им биде топло, треба 35тона нафта. 10 училишта по 35 се 350 тона или 300 000 евра. Тоа се и финансиски импликации по буџетот.Училиштата се погрижија обуките да се држат во самите училишта. Да се земе во об зир и тоа дека има училишта каде што нема интеренет, има и ученици кои што неможќеме да ги обврземе да имаат компјутер дома, во секој клас има по 2 ученици кои што немаат интеренет и се снаогаат на телефони. Ако се оди во две смени што правиме со превозот, ако има дупла превоз тогаш има и дупла финансиски средства, и би предочил и на Градоначалникот , час поскоро да се свика состанок со директорите и да се интервенира ако може до МОН за точно да се каже затоа што неможе 2 дена пред почетокот сето ова да се организира. Во ООУ Страшо Пинџур имаме со посебни потреби ученичиња, и затоа велам секое училиште има свои специфики. Подрачни училишта имаат некои основни училишта, како таму ке с еорганизира, таму има мал број ученици и можеби може и со физично присуство да се организира. Нормално дека Гимназија Добри Даскалов нема шански да го организира тоа таму скоро секоја паралелка има по 30 и повеке ученици. Околу сево ова исправени сме пред многу дилеми

нормално дека треба да се прават планови, забелешка беше до советот дека секогаш кога се одобруваат средства да с еводи рачун дали тие средства ги има во 4годишните развојни планови или на некој му текнало по некоја привилегија да добие пари.Не ми е воопшто добро кога ке слушнам дека во Гимназијата има балетска сала а во Страшо Пинцур нема ни сала.Ви благодарам за вниманието . Градоначалниче имам еден апел до вас час поскоро да се сретнеме со тие луѓе и да видеме што можеме да направиме.Најголемата одговорност ке падне врз вас и врз нас.

**НИКОЛА ТРЕНДАФИЛОВ** : Почитуван градоначалник, претседателе, колеги советници, почитувани граѓани.Сметам дека можеби и можеле директорите да бидат тука но нели здравјето пред се.Сепак сум родител на три деца кои што се дел од основното образование и сопруг на просветен работник, но понекогаш отстрана подобро се гледа. Точно е ова што го кажа професорот Радњански дека во основа слично се програмите на училиштата и тоа сигурно е материјал од околу 3000 страни а некои од материјалите ги добивме и вчера и сега би замолил од сектороит образование и советот програмите да ни бидат праќани порано. Не сакам да фрлам вина ниту на директорите ниту на училишните одбори, свесни сме сите во каква состојба се наогаме , еве 6 месеци не одеа учениците на училиште. Но формално не смееме да поминеме материјал од 300 страници тоа не е реално, се потрудивме , но одобруваме програми во образованието а не сме ги разгледале. Нелсон Мендела рекол најсилно оружје за промена на иднината е образованието. Прво би сакал да започнам со состојбата со ковид, јас лично ке гласам за програмите затоа што тоа ни е законска обврска иако професорот Радњански спомна дека не соодејствуваат на ситуацијата.Многу малку некои ичилишта ставиле нешто за он лине настава, до пред неколку дена не знаевеме кааков тип на настава ке има . Второ јас лично сум за класична настава, 99% од наставниците се затоа, но од друга страна сум и лекар и член на комисијата за заразни болести, Препорака од комисијата е дека преголем ризик е и за децата и за семејството и за сите да се оде на училиште. Нивно мислење е дека само од 1-3 одделение е децата да одат на училиште а за другите на има он лине настава.Сметам дека требаше да бидеме нешто по подготвени нанако држава, какао Биро за образование, како Министерство и какао локална самоуправа за почеток на работата на училиштата. И училиштта не се сигурни дали се спремни илине. Ке ни должат директорите нови корегирани програми во согласност со новонастаната состојба и би сакал нешто што би можеле ние каако совет тука да го разгледаме, колку деца немаат компјутер, од секое училиште во општина Кавадарци.Како тие деца доколку се 4то одделение и немаат компјутер. Второ доколкку имаат компјутер, би сакал податок да добијам на наредната седница, колку од овие деца немаат интеренет и како истите ке го остварат своето право на образование ако немаат интеренет. Дали државата ке ги набавува компјутерите и интернетот или општина Кавадарци , мислам дека ке треба да падне тоа на терет на државата, сите деца имаат право на образование, јас очекувама  дека и на оваа седница ке имавм,е бројка каква е состојбата со ученици без компјутер и без интеренет. Имаме проект за хорско пеење кое што знаеме дека е главен причинител на Корона вирусот, моабетот ми е дека во секој случај ни должат директорите и училишните одбори објаснување бидејки 600 страни цела недела да се чита нема да се исчита од едно училиште. Да биде тоа покондензирано , клучните поенти да бидат наведени во 10тина страни, кои што ке бидат најбитни, и друго какао трето како дел од комисијата за екологија би сакал во интерес на животната средина околу еко програмите на училиштата да не бидат само форма, да се обрне внимание на загревањето на училиштата. Морам да го споменам едно училиште Димката Ангелов Габерот го реши проблемот со загревање , а тука се и сите други училишта кои што имаат пелети, во програмите е неведено парно греење , би сакал да знам дали е парното греење на дрва, на нафта или на пелети. На Даг е на пелети и не загадува воопшто, една критика доколку сметаме дека промената на огревниот материјал не е приоритет

а сакаме еко училиштре да развиваме ништо не сме направиле, Јас верувам дека сите тука се залагаме за екологија, можеби во ова време на корона треба да ја ставиме на 10то место но од корона досега имаат починато 500 луге во Македонија а од загадување се смета дека умираат оклу 1700 . Така да ако сакаме да ја ставиме на второ место екологијата само ке биде на наша сметка.Би сакал во програмите да се планира во најскоро време замена на огревниот материјал на поеколошки начин какао што се на прво место фемкојлерите, која што е во Габерот, тоа чини пари но мора да се планира. Друго незнам каква е состојбата со селекцијата на отпад, наведено е секаден дека треба да се има селекција на отпад а какао да има доколку нема канти за селекција. Кај мали деца се ствара и оваа навика за селекција и би сакал информација на зарадена седниоца колку од училиштата имаат потреба од канти за селекција, таму каде што постојат е супер но таму каде што нема да се набават. Во однос на изградбата се надевам дека конечно ДАГ Ваташа и Страшо Пинџур ке добијат Спортски сали и дека кровот во Тошо Велков Пепето кои што прокиснува конечно во наредниот период ке биде обновен, и уште нешто во наредонт период би сакал информација да ми се даде колку од училиштата немаат мијалници и чешми таму каде што се одвива наставата. Во однсо на ова што го спомена Радњански сметам дека училиштата каде што има мал број ученици треба да одржуваат физичка настава, училиштатат во руралните средини со почитување на сите мерки, потоа училиштетео Ѓорче Петров и другите училници, исто така во Киро Спанџов Брко, така имаат и други паралелки кои што имаат малку ученици,Би требало да има класична настава без притоа да има загрозување по здравјето на учениците, скоро во нашата држава сите живееме по 3-4 генерации во една кука и затоа е голема одговорноста на Комисијата за заразни болести и донесе ваква одлука, и на прво место е здравјето на луѓето , но со мерки еве и сега сме во кино салата а не се сме во Општинската сала, со следење на некои протопколи може да се одржи и седница. И уште две поенти а тоа прво да ја поздравам идејата за образовен медијатор кој што го има во училиштатата и е ангажиран од сите основни училишта во Општина Кавадарци, повторно ке се запрашам дали е тоа само форма или има и суштина, и работата на овој образовен медијатор е редовно да се остварува комуникација со наставниците и стручната служба за следедење на прогресот на учениците и нивната редовност , со особен осврт на нередовните ученици, и ученици кои покажуваат низок интерес за образованието и пред се се мисле на учениците од ромска националност, и уште еден проблем кои што го имаме е доколку сакаме силна држава и силно образование неможе да имаме образование за 95% од популацијата а 5% да одат во безнадежност абезнадежноста оди во деликвенција и ништо. Исто така би сакал да прашам колку ученици редовно запишани во училиштата во Кавадарци не посетуваат настава, дали има таква информација и доколку има да се каже или ако нема да се најде. И ме интересира еден сублимиран извештај од госпоѓата медијатор од шестмесечното работење. Точно дека оваа корона криза имаше негативно влијание врз нејзиното работење но да видеме што е сработено. Значи таа е ангажирана од 1ви февруари и да видеме што е сработено во изминатите шест месеци. И уште една работа да видеме на крајот , ова го има во две програми на училишта во Кавадарци, во едната програма го има следното, причина за слабиот успех го потенцираат дека учениците од социјално ранливи категории имаат слав успех и предзнаења од основните училишта, несериозен однос на работата на некои наставници, и немотивираност на учениците, тешко воспоставување на работа со дел од наставниците, здодевност на некои часеви, превозот на дел од учениците кои доаѓаат од други општини.Значи причината за послабиот успех е слабиот успех кои што го носат од основните училишта и ова го има во сите основни училишта. Значи сега јас би се навратил на просечните успеси а тоа е дека нема под 4.0 а едно од средните училишта забележува дека учениците идат со слаб успех а па едно од осовните училишта има просечен успех од 4,4, тоа значи дека знаењето е топ. Во насока на подобрување на образовниот процес , да не им

правиме на децата лоша услуга, да ги оставиме наставниците да си ја вршат работата, без притисоци и да не ги учиме дека тато или мама или кумот или сопартиецот или незнам кој ке им помогне да си ја поправат оценката а тоа редовно се случува на крајот на мај месец . Значи за да нема 4,5 оценки а ваму во средните училишта немаат успех. Ние сме партнери со училиштата и затоа и ги носиме овие програми но некои работи треба да се сменат. Ви благодарам.

**ДУШИЦА КРСТИЌ :** Почитуван Градоначалник, претседателе, колеги советници и медиуми, јас би го подржала сето ова што го кажа нашиот колега Трендафилов и би истакнала само дека во најбрз рок треба да се собереме и ние како советници и да заземе став, а тоа што мене ме интересира е како би продолжила работата. Исто така треба да се земе во предвид и работата на градинкита и кај нас треба да почне воспитно образовната година, и сеуште се очекуваат насоки од Комисијата за заразни болести. Но сакам да укажам на скринингот кој што го имаа вработените и мислам дека е поминато времето, апел до градоначалникот кога би се разговарало понатаму, и кога би гледале за нашата општина доколку во брз временски период се свика состанок да бидеме вклучени сите за доброто на сите за сите родители бидејки и гледаме какао на социјалните медиуми на препукувањето по однос на наставата во основните и средните училишта и не треба да заборавиме дека и во градинките се спроведува воспитен процес.Значи моето обраќање е кога би се свикал таков состанок да има и претатвници од детските градинки во интерес на сите.

**БОЖАНКА МИНОВА :** Почитуван Градоначалник, претседателе, колеги советници и медиуми, би сакала да дадам еден осврт на извештаите и на годишните програми на училиштата. Од извештаите се гледа дека и покрај тоа што од последното тромесечие имавме една специфична ситуација која што ја предизвика пандемијата, и сакам да го искористам овој момент и да ги пофалам наставниците кои што успешно ја завршија наставата искористувајки ги сите можни алатки за да си ја реализираат својата програма а не беше мал бројопт и на учениците.Јас учествував во таа настава и сум задоволна од одзивот на учениците и покрај тоа што беа такви условите се организираа и он лине квизови и на учениците им беше интересно.Наставниците постојано беа во комуникација со учениците и јас сум многу задоволна од одзивот, и онолку колку што ни дозволуваше самата ситуација јас сум задоволна бидејки постигнавме резултати.И сакам да ги пофалам моите колеги кои што несебично се вложија. Успехот на крајот на годината беше формиран од работата на учениците во текот на целата година но имам забелешка за основните училишта какао што предмалку кажа и колегата за да имаме пореално оценување.Нашите планирања треба да имат за цел креирање на подобри кадри.Што се донесува до годишните програми какао што рековме сите училишта си планирале а тоа може да се претрпи и промена согласно условите кои што се неизвесни, сите знаеме дека физичкото присуство неможе да се замени и мораме да кажеме дека ние имаме подготовка и а вакви услови да одржиме настава во било какави услови и училиштата сега по спремно ке ја дочекаат учебната година и нашите деца што помалку да трпат последици од оваа состојба која што ја има и целиот всет. Би сакала да му посакам успех на сите училипта и успешно да се справат со целокупната ситуација. Што се однесува до материјално техночките услови во училиштата се на високо ниво, имаме услови, добри училници, санитарни чворови, лаборатории и други услови кои што ги задоволуваат стандардите. Благодарам.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитуван претседател на совет советници, медиуми, граѓани, образовниот систем е една целина во нашата држава која што треба да биде унифицирана и треба да функционира секаден исто.Темите кои што ги отворивте денес се актуелни во целата држава и ние какао општина бурно ја следиме состојбата, Министерствотоп за образование доцне во делот на давање на исntрукции и критериуми за одржувањето на образовниот систем во основното и средно образование но тоа е сигурно поради тоа што сеуште нема влада и збиднувања, но тоа не смее да биде предмет за неквалитетена настава во образвниот систем. Во однос на тоа што го спомена советникот Трендафилов и мојот личен став е дека треба да се има настава со физичко присуство, учениците треба да се во училиште и да се обезбедат соодветни мерки за заштита и дистанца, да не бидеме глуви, на општите болници, јавните институции, епидемиолозите. Образовниот систем, сите директори имаат направено анализа затоа колку ученици имаат комјутер, интеренет, но тука треба да имаме начин за проверливост и неможеме да се ослониме на една страна што правиме ако сите дигнат рака и речеме немаат комјутер, како ке го озбезбедеме. Во делот на буџетот кој што се планира ние планираме какао да имаме нормална година на образование каде што , еве сега нашите директори мора да ги пуштат тендерите за превоз со клаузула каде што доколку нема физичка настава нема да имаат реперкусии и пенали доколку нема настава со физичко присуство. Ако државата или Министерството за образование речат дека физички ке се одржува настава ни требаат 60 дена за тендер за превоз,тоа се работи кои што треба да ги пегламе заеднички, набавката на огревен материјал . Господинот Ташо спомена дека ако имаме он лине настава и ако треба да бидат затоплени 40 училници од 60м2 а ја грееме само за еден наставник и повторно имаме онлине настава. Но мораме да најдеме начин на кој начин ке се одвива наставата.Мора да одржиме заеднички состанок и да ги видеме насоките и од министерството за образование и да си донесме наши ставови и заклучоци за одржувањето на наставата.А за спортските сали што рече и господинот Ташо и за балетската сала, точно е тоа, јас кога дојдов како градоначалник и вие како советници успеавме да ја пуштиме салата во Тоде Хаџи Тефов, за жал МОН во последните две години не обезбеди средства за нови сали, За училиштето во Страшо Пинџур веке е донесен план и се одобрени средтва а за Ваташа во тек е измена на планот за спорска сала и е во министерство, балетската сала во гимназијата ја има од многу одамна, и таму имаат балет и спрема учениците е тоа, значи секое училиште си праве план спрема потребите, во ЕМУЦ ако има блаетска сала нема кој да играе, така да таму треба да има работилница по механика по електроника, така да секое училиште според насоките .Ке се потрудиме максимално образовниот систем да не крахира, да остане елементарната култура кај нашите ученици сепак физичкото присуство е битно од 1-9 па и во средно и со самото станување кога влегува наставникот , елементарната култура е постиганта, а од дома со интеренет имаме ситуација кога ке имаме лоши идни генерации. Во делот на одржувањето на настават имаме доволно капацитет и ИТ сектор и во општината, и во јавните институции имаме инзинери и во средното училиште ЕМУЦ имаме луѓе кои што ја знаат таа проблематика, така да во делот на инсталирањето на платформи и докупување или купување на опрема нема да биде проблем. Но многу е битно до кога ке биде оваа ситуација и до каде ке одиме со оваа пандемијата. Ние го мислиме системот и он лине наставата а децата си го терат своето тие си се друже меѓу себе, и тука ниту еден родител неможе да влијае максимално заради тоа што социјалниот аспект мора да постои, а тоа е тоа што ги надоградува луѓето. Благодарам.

Колеги одиме пединечно со гласање.

1. Предлог - Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија "Добри Даскалов" Кавадарци за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

2. Предлог - Годишна Програма за работа на СОЗШУ "Ѓорче Петров" Кавадарци за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

3. Предлог - Годишна Програма за работа на СОУ "Ќиро Спанџов – Брко" Кавадарци за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

4. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Страшо Пинџур" Кавадарци за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

5..Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Тошо Велков Пепето" Кавадарци за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

6. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Гоце Делчев" Кавадарци за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

7. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Димката А.Габерот" Кавадарци за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

8. Предлог - Годишна Програма за работа на ООУ "Димката А.Габерот" с.Ваташа за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

9. Предлог- Годишната Програма за работа на ОМБУ "Лазо Мицев Рале" Кавадарци за учебната 2020/2021;

Точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

10.Предлог-Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

11.Предлог-Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ„Киро Спанџов –Брко„ Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

12. Предлог-Одлука за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СО ЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

13. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Отварам расправа

**ТОНИ НЕШКОВСКИ** : јас сакам образложение за што конкретно ке бидат наменети средствата.

**РИСТО САКАЛИЕВ**: Директорот е оправдано отсутен и во негово име јас ке дадам образложение. Спорската сала од страна на државата е затворена во март месец, и неможе да работи, значи нема ни надоместоци за користење на просторот од клубовите а стопански објекти кои што се идаваат под кирија се само 2 и тие се околку 50 000 месечно. Во нашата програма минатиот совет направивме измена на програмата и советот ја прифати, ние сме кусо со 3 плати за затоа го бараме овој милион, за да може да се подели плата на вработените. Се што имавме заказнати побарувања околу 80% или 90% ги наплативме но повекето од тие побарувања ги земаме по основ на реклами некаден земаме компензација и тоа добро ни дојде, имавме компензација фарбање на сала, пвц прозори, поради тоа дојдовме до ситуација да побараме субвенција од општината бидејки и салата е општински објект.Сега се надеваме дека од септември ке се почне со работа со клубовите, и се надевема дека уште наредните 3 месеци ке бидат покриени.

**ГРАДОНАЧАЛНИК:** Сакам да надополнам и да укажам на неколку работи, .........на јавните фирми во овој период треба да им се помогне за да можат да ја пребродат оваа ситуација, истото се случи и со ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРАЦИ .........Во нашето функционирање успеавме бројот на деца во градинка од 850 да биде 1400 дециња, отворивме повеке градинки, занимални и објекти и сите деца во општина Кавадарци кои што беа на список на чекање ги земавме да ги згрижиме а тоа беа околу 600 деца и со самото тоа се јави потреба од соодветен кадар и стручен и технички персонал.52 лица имаме ангажирано во детската градинка преку агенција за времени вработувања. Од тие некои одат на работа 2-3 години и досега од МТСП немаме добиено решение за трансформација на работниот однос.Со настанувањето на пандемијата останаа сите неагажирани но во работен однос и мораше да направиме во месец мај намалување на примањата и да ги ставиме на 50% од минималната плата. Тоа значи дека му го плакаме здравственото осигурување и тоа денес на говорница го кажувам. Но од септември ако не ги пуштат градинките со работа ке се соочиме со голем проблем и можеби ке треба да носиме посебна одлука и за нив..........

**РИСТО САКАЛИЕВ** : Дали некој друг бара збор. Доколку не бара одиме со гласање, кој е ЗА. Едногласно.

14. Правилник со арх.бр.02-965/3 од 07.08.2020 година за изменување и дополнување на Правилникот за плати и други надоместоци на плата на вработените во ЈП„ Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

15. Одлука со арх.бр.02-965/5 од 07.08.2020 година за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, Со заклучок за цената

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

16.Одлука со арх.бр.02-965/6 од 07.08.2020 година за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

**РИСТО САКАЛИЕВ :** Оваа точка нема да ја гласаме вака какао што е од Управниот одбор туку со нова координирана одлука а тоа е дека цената останува иста а не какао што е донесена од управниот одбор.

**ТОНИ НЕШКОВСКИ :** Почитуван Градоначалник, претседател на совет, колеги советници, медиуми граѓани за да нема недоразбирање , како советничка група и како советници сите донесовме една заедничка одлука каде што цената за вода за пиење и цената за урбани и отпадни води кои што какао одлука треба да се донесат и да се испрата до регулаторна комисија останат какао сегашната цена затоа барам овие две точки да се изгласаат со Заклучок дека цената останува иста.

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката со заклучок за цената ја ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

20. Извештај со арх.бр.02-1037/6 за работењето на ЈП Комуналец Кавадарци за период 01-01-30.06.2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

21. Извештај со арх.бр.02-1037/5 за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, за период 01.01-30.06.2020 година донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

19. Одлука за продажба на расходовани основни средства од спроведениот попис за 2019 година на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

20. Годишен План за вработување за 2021 година со арх.бр.0102-1409/1 од 17.08.2020 година, донесен од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

21. Одлука за изменување и дополнување со арх. бр.03-1602/3 од 17.08.2020 година на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

22. Правилник за изменување и дополнување со арх. бр.03-1602/4 од 17.08.2020 година на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци", донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

23.Правилник за изменување и дополнување со арх. бр.03-1602/5 од 17.08.2020 година на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена Паркингкарта за јавни паркиралишта со на плата донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

24. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

25. Заклучоци во врска со откупот на грозје за реколтата 2020 година ;

Отварам расправа, кој бара збор, го замолувам претседателот на комисија за земјоделие да ги прочита заклучоците во врска со откуп на грозје за реколта 2020 година .

**ДРАГАНЧО НИКОЛОВ** : Почитуван Градоначалник, претседателе, колеги советници, медиуми и служби и граѓани . Колеги кога станува збор за откуп на грозје и цените не е потребно политизирање туку треба да имаме заеднички став за постигнување на реални цени. Комисијата за земјоделие заседаваше и донесе неколку заклучоци, и тоа , Најпрво една забелешка до службите и до Градоначалникот не бевме какао советници известени за состаноците кои што беа со Министерот и со пратениците и во иднина треба да бидеме известени за овие состаноци. Цената на грозјето да не биде пониска од производната цена. Минималната цена за кг грозје да не биде пониска за смедеревката од 13 денара со 17 шекерни единици и 15 денари за вранецот со 19 шекерни единици.За високо квалитетните сорти на грозје цените да не бидат пониски од 22 денари за кг и дополнително на ова да се ставе подршката од владата по 2 денари. Да се побара во рамки на нашите ингеренции уште од првиот ден од новата Влада и

назначување на новиот министер да се утврди загарантирана цена на грозјето слично како цената на тутунот утврдена од релевантни институции како факултетите за земјоделски науки и храна, институтот за лозарство и винарство на универзитетот Гоце Делчев со кој имаме соработка. Да се побара од МЗемјоделие и владата доколку се јави вишок поради зголемените количества на дозжови мислеме дека нема да има вишок, но ако се јави да има интервентен откуп од државата и преработка во алкохол во винарските визби. Цените да бидат објавени на почетокот на јуни месец согласно Законот за вино а еве сведоци сме дека денска е 21 август цени нема. Министерство за земјоделие и Владата да стапат во контакт со амбасадите за откуп на грозје.Во однос на оваа точка комисијата за земјоделие бара од Градоначалникот да се произнесе докаде се контактите со Владата што се имаат договорено до сега. Благодарам.

**БОЖАНКА МИНОВА :** Јас како претседател на комисијата за винарство и лозарство која што заседаваше и меѓудругото ги подржува овие заклучоци кои што се поднесени како информација од страна на состанокот кој што се одржа со Градоначалникот, здружението на лозари и пратениците во кој што јасно се кажа дека се залагаат за да не бидат пониски цени од ланската реколта исто така и шекерните едининици да не бидат пониски од изминатата година и многу важно е доколку има вишок од грозје да немаат капшацитет винариите да се воспостави координација помеѓу винариите и министерството за земјоделие се со цел да се изнајде соодветноп решение. Сведоци сме на оваа состојба на пандемија која што направи потреси во сите сегменти и не ги одмина нито винариите ни лозарите и би сакала една порака до винарриет да го изгледаат документарниот филм медена земја кој што беше номиниран и за оскар во која што главната актерка Атиџе прати јасна порака дека треба да се споделат односно многу се грижеше за пчелите за да има храна и занеа за следната година. Ваквите исфрлени цени од страна на винариите не само што штетено ке влијаат на развојот на лозарството, во догледно време штетено ке влијаат и на винарството. Ние ги разбираме дека и тие се наоѓаат во проблеми. Наша препорака е тие своите проблеми да ги надминуваат со разговори со Мин. за земјоделие и побараат некоја реална подршка која што ке ги одржи и нив.И сметам дека со заедничко залагање ке се најде решение за надминување на проблемите.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитувани и оваа година како и минатата дојде бербата на грозје, конкретни ставови од Мин за земјоделие нема, нема став од Владата, една голгота која што ние земјоделците , кога велам ние се ставм и јас бидејки и јас сум земјоделец и лозар, нашите винарски возби тактички го чекаат последниот момент за да ги објават цените на грозје и послче нема каде да се движеме. Но оваа година стварно е специфична година по однос на пандемијата, изборите, одлагањето на изборите па техничка влада и сеуште немањето на влада која што очекуваме во најбрз временски период да се формира. Министерот Трајан упорно и напорно работеше овие денови и на наша барање беше тука присутен во Општина Кавадарци и беа присутни и пратеницте од СДСМ, тој ден пратениците од ВМРО ДПМНЕ не беа присутни од оправдани причини заради нивни ангажмани во делот на партијата во Скопје.И беа присутни лозаропроизводителите од двете здруженија. Имаше плодна дискусија во делот на сите отворени прашања донесовме заклучоци ги архивиравме и ги доставивме до јавноста, до министерството, до влада, здруженијата и винарските визби каде што минимално бараме да се задржат ланските цени на грозје и тоа вранец 13 смедеревка 11, Исто така се побара минимални субвенции од 2 денари. Ако реално го постигнеме тоа е добро по однос на годината со пандемијата. Временските прилики не се добри поготрово за вранецот и ке дојде до калирање на самото грозје и тоа е на штета на самите земјоделци. Винарските визби не покажаа воопште култура спрема земјоделците а кооперативниот однос помеѓу лозарите и винариите е е тоа што не движи во вистински правец. Поради немањето на слух од една спрема друга страна е дека овој проект кој што го

предложивме пред 2 и повеке години е неопходен да се направи за дестилерија во нашата држава под државна капа или со јавно приватно партнерство со ингеренција на државата каде што т.н вишок на грозје би се купил од таа дестилерија и би се преработил за дестилат.Тука треба многу да се работи но оваа година е испуштена работа. И не е толку голема финансиската конструкција колку што треба правно да се спреми документацијата , тоа треба да помине после во државна резерва. Потенцијален капацитеет за таа работа е Повардарии кој што е моментално во стечај, ние ке се бориме и јас какао Градоначалник, и пратениците и вие да го постигнеме тоа. Мое лично барање е доколку се изграде таа дестилерија и да има капацитет за вишокот на грозје, таа дестилерија и покрај тоа што ке го откупе грозјето и ке има и профит. Само така можеме да го поминеме прагот на границата на чинење на грозјето. Ни на еден приватен субјект во пазарна економија неможеме да му кажеме која цена да биде грозјето. Но кога ке биде дефицит грозјето односно кога ке има можност каде да се даде се зголемува конкуренцијата. Едно литро алкохолен дестилат со 75% алкохол е 2.5,евра на берзата е сега видете дека има простор за дестилерија со оглед на тоа дека за такво литро алкохол потребни се од 5-7 кг грозје во однос на шекерните единици. Алкалоид како компанија троше повеке од 40милиона алкохол за производство на нивните потреби. Така да пласман за таа работа сигурно ке има. НА КРАЈОТ АГЕНЦИЈАТА И МИНИСТЕРСТВОТО МОЖАТ ОДНАПРЕД ДА ПРОЕКТИРАТ. Во моментот во Словенија и Италија има дестилерии за откуп на вишокот на грозје. Она што го зборуваме постојано дека нас тоа ние е неопходно и неминовно е реалност и верувам дека догодина доколку бид се во нормални граници таа дестилерија ке ја има на територијата на Тиквешијата и нема потреба да молиме никого.Но за возврат на тоа ке го отвориме пазарот и секој ке има рамноправно учество и конкурентност врз основа на производот и не да биде уценуван од винарските визби. Ние сега сме уценувани или да го однесеме или да ни остане. Грозјето го има тие 15-20 дена а се работи цела година и насадот е долгорочен за 30 години. Се што е долгорочна инвестиција мора да има стратегија и план. Ова е стратешки производ а не е едногодишна култура како пиперки или домати. Во делот на винарските визби би сакал да кажам дека и они се погодени од пандемијата но не треба да го барат во лозарите и нивната загуба не треба да се акумулира врз грбот и поота на лозарите. Они треба да си го барат и соговорник му е Владата, Мин за семјоделие и Мин за економија. Ние лозарите нема да се лутиме доколку Владата им помогне со некакви кризни мерки ан винарите напротив ке бидеме благодарни но не доколку се тие на штета на цената на грозјето. Очекувам пак да имаме состанок од понеделник на оваа тема. Вишок на количина на грозје никој уште од сега не знае , никој се нема ппроизнесено колку грозје ке купе. Имаше само една безобразна цена истакната од една винарска цена со аргумент дека законски до одреден датум морале да стават цена и тие ја ставиле таа цена најниска минимална , и замене тоа не доволно, какао не згрешиле да ја стават 20 денари а ставиле 4 денари.Со правењето на дестилеријата во наредните 3-4 години ке имаме солидна цена на грозјето а вака кога оставаме друг да ни ја праве математиката ја праве на сопствен начин и вика лозарите ги кошта 10 денари кг грозје можеби е точно но 2-3 денари ако му остават вика е во ред. Но тоа не е во ред. Ние не продаваме грозје секој ден продаваме еднаш во годината а ако нашето грозје има 4-5 пати годишшно грозје тогаш можеме да разговараме за економија. Еднаш во годината имаш приход и тоа треба да биде со друг коефициент.Ке дојде ден мудро без притисоци да се покаче цената и ке дојде ден да се продаде производот таму каде што треба а не вака да се моле. Благодарам

Колеги доколку никој друг не бара збор, заклучоците ги ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

26. Предлог- Одлука за доделување на Награда “7ми“ Септември;

Ја повикувам Претседателката на комисијата да излезе и да ги прочита предлозите.

**ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА:** Почитуван Градоначалник и претседателе, почитувани советници Комисијата за одбележување на празници и манифестации по повод 7ми септември предлага наградата 7ми септември да ј добијат 1 . Комерцијална Банка АД Скопје претставувана од Главен извршен Директор и Претседател на Управен Одбор г-дин Хари Костов - за особен придонес во стопанството.

2. Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-Трејд Илија и други ДОО Кавадарци претставувано од сопственикот г-дин Илија Гечев

– за особен придонес во стопанството.

3. Јавна здравствена установа Општа Болница со проширена дејност Кавадарци

- за особен придонес во здравството.

Колеги отварам расправа , доколку никој не бара збор, ваквиот предлог го ставам на гласање, ставам на гласање.Кој е за . едногласно благодарам Констатитам дека е усвоена точката со 19 ЗА.

27. Предлог-Одлука за примање донација – Паметни соларни клупи од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци

Отварам расправа , кој бара збор . Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Едногласно Благодарам.

28Предлог-Одлука за примопредавање на бехатон коцки;

Отварам расправа , кој бара збор . Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Едногласно Благодарам.

29.Годишен План за вработување за 2021 година со арх.бр.01-120/1од 14.08.2-2020 година, на ЈОУ Библиотека ,,Феткин,, Кавадарци

Отварам расправа , кој бара збор . Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Едногласно Благодарам.

30.Годишен План со арх.бр.01-276/1 од 19.08.2020 годиназа вработување на СОУ Гимназија Добри Даскалов,, Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа , кој бара збор . Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Едногласно Благодарам.

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колеги со ова е исцрпен дневниот ред и ја затварам 45та седница на совет на општина Кавадарци и ви посакувам добар викенд.

Изготвил : Стефанија Стоева

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Сакалиев**